РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Бр. 08-617/1
03.06. 2025 год.
БИТОЛА

# ПРАВИЛНИК

## за користење на служебни мобилни телефони и мобилни тарифи во Општина Битола

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот и условите за користење на мобилни телефони, како и доделувањето и користењето на службени мобилни тарифи во Општина Битола, во согласност со Законот за административни службеници,и законот за работни односи.

**Член 2**

Овој Правилник се применува на административни службеници,помошно технички персонал ,вработени преку АПВ и други ангажирани лица во институцијата доколку има потреба согласно решението за ангажираност на вработениот.

**Член 3**

Користењето на мобилни телефони за време на работното време се врши на начин што не ја нарушува работната дисциплина, ефикасноста и угледот на институцијата.

**Член 4**

Административните службеници и,помошно технички персонал и вработени преку АПВ и други ангажирани лица во институцијата,се должни мобилните телефони да ги користат совесно и одговорно, согласно принципите на законитост, економичност и рационално користење на јавните средства.

**Член 5**

Службен мобилен телефон и/или службена мобилна тарифа може да се додели доколку тоа е неопходно за редовно, навремено и ефикасно извршување на службените задачи.

**Член 6**

Право на службен мобилен телефон и/или тарифа имаат:

- раководни административни службеници;
- административни службеници кои извршуваат теренски работи;

- службеници со обврска за дежурство или постојана достапност;
- ИКТ службеници и технички персонал за итни интервенции;
- други службеници по образложен предлог од непосредниот раководител.

## Член 7

Критериуми за доделување се:

- обем и сложеност на работните задачи;
- потреба од честа службена комуникација;
- работа надвор од редовното работно време;
- степен на одговорност на работното место;
- расположливи буџетски средства;
- 24/7 достапност на работникот.

## Член 8

Службените мобилни тарифи се утврдуваат како:

- основна тарифа;
- напредна тарифа со зголемен обем на услуги.

## Член 9

Месечниот финансиски лимит за користење на службената мобилна тарифа се утврдува согласно двегодишниот Договорот за мобилна телефонија со економскиот оператор,а во врска со растот на цените на македонскиот пазар и со одлука на раководителот на институцијата, усигласено со Буџетот и финансискиот план.

## Член 10

Трошоци направени над одобрениот лимит, кои не се службено оправдани, ги надоместува корисникот на тарифата,кој на секои две години согласно новиот Договор за мобилна телефонија потпишува изјава (согласност за надомест на направени трошоци надвор од тарифниот лимит) и реверс за задолжување со телефонски апарат.

## Член 11

Одлука за доделување, измена или одземање на службен мобилен телефон и/или тарифа донесува раководителот на институцијата или овластено лице.

## Член 12

Корисникот е одговорен за наменско користење на службениот мобилен телефон и тарифата и за заштита на уредот и податоците.

**Член 13**

Непочитувањето на одредбите од овој Правилник претставува повреда на службената дисциплина и основ за поведување дисциплинска постапка, согласно закон.

**Член 14**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

Битола,

03.06.2025 година.

Градоначалник

Тони Коњановски